Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

**Број: 04-432/4**

**Датум:20.01.2026 година**

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 208/24 и 210/24), Државниот секретар на Министерството за транспорт донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за административен службеник**

По јавниот оглас број 944/2025 за вработување на административен службеник во Министерството за транспорт, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидат за работно место Помошник раководител на сектор за општи работи, во Сектор за општи работи со шифра број УПР 01 01 Б03 000 – 1 (еден) извршител, се избира следниот кандидат:

- **Филип Коровешовски**

1. Раководното лице на Министерството за транспорт во рок од 5 (пет) дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандитатот од точка 1 на оваа Одлука.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 04.08.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за транспорт, за работно место Помошник раководител на сектор за општи работи, во Сектор за општи работи – 1 (еден) извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција на кандидати за вработување со Решение број 10-2077/9 од 19.11.2025 година, донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник заведен под број 10-2077/10 од 26.12.2025 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под број 10-2077/ 10-158/1 од 09.01.2026 година. На ден 14.01.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под број 10-2077/ 10-158/2 од 14.01.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, до Министерството за транспорт доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување број 10 -2077/в.в. 10-158/3 од 14.01.2026 година, врз основа на што Државниот секретар изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Стефан Волкановски**

Доставено до:
- Именуваната;
-Сектор за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;
- Архива;

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Огнен Ристовски